# VI тема:
# Античко наследство во Македонија

## VI 2. Натписи

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




# 1. Што е епиграфика?




- **Епиграфика** (или **епиграфија**) е наука што се занимава со проучување на старите натписи врежани на некој траен материјал: камен, мермер, глина, метал, стакло, коска, мозаик.
- Зборот **епиграфика** е сложенка од два старогрчки збора ἐπῐ- (врз) и γρᾰ́φω (пишувам), односно „впишувам“. На латински јазик се употребува именката inscriptio.
- Под **епиграф** се подразбира натпис врежан на цврста површина (камена или метална плоча, глинена плочка).
- Научниците што се занимаваат со епиграфика се познати како **епиграфичари**. Тие ги расчистуваат и датираат старите натписи, црпат податоци од нив, ги споредуваат со некои претходни сознанија за местото, областа, времето, настанот или личноста на која се однесува напишаниот текст.

ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?

**Текстовите на натписите се често оштетени, тешко читливи, а писарите кои врежувале знаци врз нив користеле често кратенки (за заштеда на материјал). На пример, на римските надгробни споменици се сретнува кратенката H.S.E. Епиграфичарите ја откриле кратенката со значење HIC SITUS (SITA) EST. Тоа во превод значи „Овде лежи/е погребан(а)“.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Поделба на натписите



Хамурабиев законик

- Според содржината на испишаниот текст, натписите се делат на две групи: **приватните натписи** (лат. tituli) и **документи** (лат. actae), кои можат да бидат приватни или јавни документи.
- Во **приватни натписи** спаѓаат: надгробни натписи, заветни натписи, почесни натписи, натписи на јавни згради и натписи на најразлични предмети.
- Во **документи** спаѓаат договори, закони, декрети, свети и јавни документи, приватни документи и графити на ѕидови.



**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Натписите во минатото се пишувале на разни јазици и писма. Постојат натписи на повеќе писма испишани на една плоча. На пример, на Каменот од Розета, се среќаваат три писма, хиероглифско (свештенско), демотско и грчко.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



Жан Франсоа Шамполион

# 3. Каменот од Розета

- Каменот од Розета е голема стела (камена плоча) на која е врежан натпис на три писма. Натписот е документ, односно декрет, објавен во Мемфис во стар Египет во 196 година пред н.е. во време на птоломајската династија по барање на фараонот Птоломај V Епифан. Денес се чува во Британскиот музеј во Лондон (Велика Британија).
- Горниот текст е на староегипетски јазик со хиероглифско писмо, средниот текст на народен египетски јазик со демотско писмо од II век пред н.е. и долниот текст на старогрчки јазик со грчко писмо.
- Благодарение на ова откритие на армискиот инженер Пјер-Франсоа Бушар во 1799 година при воените походи на францускиот цар Наполеон Бонапарта, францускиот филолог и ориенталист Жан Франсоа Шамполион работел на дешифрирање на хиероглифите на горниот текст.
- Во 1803 година објавил револуционерна студија во која успеал да го дешифрира староегипетското хиероглифско писмо.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Училишна задача:
# Читање на римски натпис






**N(umerius) Decumius N(umeri) f(ilius) / Col(lina) Vaarus scr(iba) / Volusia C(ai) l(iberta) Celsa / C(aius) Volusius C(ai) l(ibertus) Charit(o) / in fr(onte) p(edes) XIII in agr(o) p(edes) XVI**

**Нумериј Декумиј Вар, синот на Нумериј, од колинското племе, писар. Волусија Келса, одлободеничка на Гај. Гај Волусиј Харитон, ослободеник на Гај. Во висина 13 стапки, во должина 16 стапки.**

на Creative Commons
Ненад Начковски
BY NC ND